# Второ медицинско мислење

Овие услуги се исклучително за консултативни цели и не претставуваат здравствена нега.

## *Опис на услугата*

- Стручна оцена на здравствената состојба на клиентот од страна на водечки меѓународен медицински специјалист
- Клиентите имаат право да бараат 3 посебни извештаи годишно - правото се проверува со помош на бројот на договорот на клиентот
- Клиентите поднесуваат своите медицински документи за оценка и добиваат писмен извештај во рок од 7 работни дена
- Преводот на документацијата и извештајот е вклучен во услугата
- Персонализирана поддршка на клиентот за време на целиот процес
- Откако ќе биде испорачан извештајот, клиентите можат да постават дополнителни прашања на специјалистот преку платформата Diagnose.me, каде комуникацијата се преведува на македонски јазик и од македонски јазик.

## *Како функционира?*

Услугите достапни на **www.lp.diagnose.me/mk/partner/winnermk**

Клиентот може да избере специјалист кој сака да се консултира, или Diagnose.me им помага да изберат.

→

Клиентот прикачува соодветна медицинска документација, а Diagnose.me ја преведува на јазикот на специјалистот.

↓

Специјалистот го составува детален извештај кој ги консултира дијагнозата, препорачува следни чекори или најдобар можен план за третман.

<

Извештајот се доставува во рок од 7 работни дена, преведен на јазикот на клиентот.

## *Уникатни карактеристики*

- Клиентите можат целосно транспарентно и самостојно да изберат лекар специјалист од интернационалната листа, кој што ги исполнува нивните критериуми, на основ на прикажаните профили и рецензии.
- Специјалистите на платформата Diagnose.me се водечки стручњаци во своите области, до кои што клиентите не би имале лесен и едноставен пристап, без пристапот овозможен преку оваа платформа.
- Сите медицински документи, извештаи и целокупната комуникација се целосно преведени, како составен дел од услугата.
- Специјалистите на платформата Diagnose.me имаат предвидено доволно време за да ја прегледаат медицинската историја на клиентот и да објаснат сè во разбирлив јазик.

## *Кога второ медицинско мислење може да помогне?*

- **Кога локалните доктори не се сигурни за причината на симптомите на клиентот.** Нашиот тим на специјалисти има огромно искуство во специфични области на медицината и поради тоа се наоѓа во подобра позиција да открие дури она што локалните доктори можеби не го забележале.
- **Кога клиентот сака поконкретна информација и насока за неговата здравствена состојба.** Локалните доктори понекогаш може да бидат презафатени, но и поради други различни причини немаат доволно време да ја објаснат детално здравствената состојба, што понекогаш може да го остави клиентот збунет и без јасно разбирање за здравствената состојба.
- **Кога клиентот сака да одлучи дали да се изложи на спроведување на комплексна медицински постапка.** Мислењето од светски-познат експерт во соодветната област може да обезбеди сигурност за тоа што е правилната одлука, како и алтернативни опции за третман.
- **Мислењето на светски-познат експерт може да биде корисно не само за тешките дијагнози, туку и за честите медицински проблеми кои генерално го намалуваат квалитетот на живот.**

# Како другите клиенти ги користеле услугите?

Овие услуги се користат исклучително за консултативни цели, и не претставуваат замена за здравствена нега.



***Петра, 26 години***

Пред три години, клиентката започна да искусува болка во десното колено при планинарење. Со текот на времето, болката стана појака до толкава мера што клиентката веќе не можеше да ја оптеретува ногата за време на физичка активност. Таа направи МРИ и лекарот, кој ги прегледа сликите, не пронајде ништо што можеше да се корегира по пат на хируршка интервенција. Препораката за користење на додатоци за колена и ограничување на активности со кои дополнително се оптеретуваат колената. По три изминати години, истиот проблем почнаува да се јавува и на нејзиното лево колено.

Нашата специјалистка, Клаудиа Вајдекам, професор доктор, испрати извештај во рок од 24 часа со детални описи на МРИ сликите и јасно објаснување на проблемот. Таа препорача дополнителни рехабилитациски вежби кои помогнале да се креираат нови добри навики на движење и со самото тоа постепено да се отстрани и болката, дури и при предизвикувачки планински патеки.

„Ако некој како професор Вајдекам ја имаше погледнато мојата медицинска документација од самиот почеток на појавување на проблемите во колената, ќе беше ги погледнал моите слики од самото почеток, ќе избегнев речиси 3 години исполнети со болки и нелагодност.“



***Карин, 40 години***

Клиентката искусуваше клинички симптоми на тумор на хипофизната жлезда, што предизвика тешкотии, но сепак не беше утврден финален наод врз основа на спроведените дијагностички постапки. Секако без финален наод, не беше можно да се постави соодветен третман и да се пристапи кон решавање на проблемот.

Еден од нашите специјалисти, Витазослав Белан, доктор на медицински науки (специјалист по неврорадиологија со фокус на МРИ на мозок и склероза мултиплекс, еден од пионерите на СТ и МРИ во Словачка), како финален наод откри многу мал тумор на хипофизната жлезда, па ја префрли клиентката во друг специјализиран медицински центар, каде што имаат големо искуство со овој специфичен тип на тумор.

„Чуствата кои ги осеќате кога ви кажуваат дека имате тумор во главата, веројатно е тешко да се разберат ако не сте преживеале нешто слично сериозно во врска со здравјето. Меѓутоа по сите компликации и тешкотии, добивањето на точна дијагноза за мене беше еден вид на олеснување и ми даде надеж за подобрување.“